Уп. бр.08-123

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштвото за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци, со седиште на ул. Маршал Тито бр. 226б, Добановци, Република Србија, доставено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрација со која Друштвото за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци, со седиште на ул. Маршал Тито бр. 226б, Добановци, Република Србија, има намера да стекне единствена контрола врз Фабрика за детска храна д.о.о. со седиште на ул. Маршал Тито бр. 206, 11272, Добановци Република Србија, по пат на конверзија на долг во капитал, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

### Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 17.11.2021 година а дополнето на 25.11.2021 година и 20.12.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Друштвото за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци со седиште на ул. Маршал Тито бр. 226б, Добановци, Република Србија, со која Друштвото за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци има намера да стекне единствена контрола врз Фабрика за детска храна д.о.о. со седиште на ул. Маршал Тито бр. 206, 11272, Добановци Република Србија.
Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањата и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Друштвото за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци припаѓа и работи во рамките на групацијата на друштва НЕЛТ (групација НЕЛТ). Групацијата НЕЛТ се состои од 19 друштва активни на 11 пазари во регионот на Југоисточна Европа и Субсахарска Африка и има околу 4.000 вработени. Групацијата НЕЛТ обезбедува интегрирани услуги за дистрибуција и логистика на своите домашни и меѓународни клиенти преку мрежа на дистрибутивни центри и оперативна поддршка во секоја земја во која е активна. Групацијата НЕЛТ е примарно активна во дистрибуција на стоки за широка потрошувачка. Покрај тоа, таа обезбедува и други услуги, како што се дистрибуција на фармацевтски производи, царинско посредување и логистика и месната индустрија. Групацијата НЕЛТ дистрибуира производи на бројни реномирани производители, меѓу кои: Проктер енд Гембл (*Procter & Gamble*), Др. Еткер (*Dr. Oetker*), Јакобс (*Jacobs*), Марс (*Mars*), Рекит Бенкисер (*Reckitt Benckiser*), Џонсон енд Џонсон (*Johnson & Johnson*).

Во Република Северна Македонија, Групацијата НЕЛТ е присутна преку своите три зависни друштва:

-Нелт СТ ДООЕЛ, Скопје, со седиште на Илинден 32 бр. 20, Скопје кое е активно во дистрибуција на неколку познати трговски марки, кои главно ги опфаќаат производите за широка потрошувачка и производите за домашна нега и лична хигиена.

-Нелт Лог ДООЕЛ, Илинден Скопје, со седиште на Илинден 31 бр.20, Скопје кое е активно во логистика односно организира интермодален домашен и меѓународен превоз, како и обезбедува шпедиција и царинско посредување и

-Нелт Лајн ДООЕЛ, Илинден Скопје, со седиште на Илинден 32 бр. 20, Скопје кое обезбедува патен сообраќај во земјата и странство.

Фабрика за детска храна д.о.о. е примарно активно во производството на храна за бебиња (храна за доенчиња и мали деца до 3 години), но произведува и конвенционална храна за возрасни (сокови и пиреа). Портфолиото на храна за бебиња на Фабрика за детска храна д.о.о. опфаќа пире од месо, овошје и зеленчук, суви и влажни житарки и сокови, сите произведени и дистрибуирани под брендовите Нутрино (*Nutrino*) и Нутирино ЛАБ (*Nutrino LAB*). Фабрика за детска храна д.о.о.  има едно претпријатие-ќерка во целосна сопственост - Бејби Фуд Фактори д.о.о. Загреб (*Baby Food Factory d.o.o. Zagreb*), основано во Хрватска на 25 февруари 2019 година, но сé уште нема отпочнато со работа.

Фабрика за детска храна д.о.о. нема зависни друштва во Северна Македонија но генерира занемарливи приходи.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**